Реден број на прилогот: 31

Прилог бр.3	Предметна програма од прв циклус на студии				
1.	Наслов на наставниот предмет	**СТРУЧНА ПРАКСА**			
2.	Код	**ФЗНХ 201**			
3.	Студиска програма	**Агроекономика**			
4.	Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел)	**Факултет за земјоделски науки и храна-Скопје**			
5.	Степен (прв, втор, трет циклус)	**Прв циклус студии**			
6.	Академска година/семестар	**Четврта година; VIII семестар**	7.	Број на ЕКТС кредити	**4**
8.	Наставник	**Проф. д-р Миле Маркоски**			
9.	Предуслови за запишување на предметот	**Освоени најмалку 120 ЕКТС**			

10. Цели на предметната програма (компетенции):

Стручната пракса е задолжителен и составен дел на студиските програми за додипломски студии на ФЗНХ. Целта е стекнување на вештини за решавање проблеми во реални услови, како и намалување на времето за приспособување на стекнатите теоретски знаења и компетенции на потребите на пазарот на трудот.

Задачите кои студентот ги извршува за време на праксата мора да бидат поврзани со студиската програма.

11. Содржина на предметната програма:

Деталниот план за праксата ќе се прилагоди на распоредот на работните задачи (поврзани работни денови или одреден број часови неделно), како и на конкретното работно место во организацијата во која ќе биде ангажиран студентот. Работните задачи ќе бидат поврзани со спецификите на студиска програма. При извршување на праксата, особено се вреднуваат следниве аспекти:

- Способност за решавање на зададените практични проблеми, со користење на стекнатите теоретски знаења;
- Критичко размислување и примена на соодветни методи и техники за решавање на практичните проблеми;
- Способност за предлагање и образложување на решенија поврзани со зададените задачи и работните обврски;
- Активно учество во тимска работа и придонес кон заедничко решавање на зададените задачи;
- Писмено и устно образложување на работните задачи, постапки и решенија;
- Развивање на одговорност кон работата и кон работната атмосфера;
- Развивање на професионален однос кон струката и придонесот кон заедницата.

По завршувањето на праксата, студентот ќе може да ги согледа и спореди своите знаења и вештини во однос на реалните потреби на пазарот на трудот, да развие самодоверба и да стекне способност за прилагодување кон нови средини.

12. Методи на учење:

Решавање на практични задачи во стопанството, на терен, во лабораториски услови во просториите на ФЗНХ. Во текот на стручната пракса, студентот ќе води евиденција на извршените задачи. По завршување на стручната пракса, студентот ќе поднесе извештај за стручната пракса и ќе ги презентира главните наоди.

13.	Вкупен расположлив фонд на време	**4 ЕКТС x 30 часови = 120 часови**			
14.	Распределба на расположливото време	**30+25+65 = 120 часови (15.1+15.2+16.1+16.2+16.3)**			
15.	Форми на наставните активности	15.1	Решавање на практични задачи	**30**	часови
		15.2	Лабораториски, аудиториски, теренски, семинари, тимска работа	**25**	часови
16.	Други форми на активности	16.1	Проектни задачи	**20**	часови
		16.2	Самостојни задачи	**20**	часови
		16.3	Домашно учење	**25**	часови

17.	Начин на оценување			
	17.1	Извештај од Домаќин на стручна пракса	**60**	бодови
	17.2	Дневник	**10**	бодови
	17.3	Презентација (усна)	**30**	бодови

18.	Критериуми за оценување (бодови/оценка)	**до 50 бода**	**5 (пет)**	**(F)**
		од 51 бода до 60 бода	**6 (шест)**	**(E)**
		од 61 бода до 70 бода	**7 (седум)**	**(D)**
		од 71 бода до 80 бода	**8 (осум)**	**(C)**
		од 81 бода до 90 бода	**9 (девет)**	**(B)**

			од 91 бода до 100 бода	**10 (десет) (А)**	
19.	Услов за потпис и полагање на завршен испит				
20.	Јазик на кој се изведува наставата		**Македонски**		
21.	Метод на следење на квалитетот на наставата		**Анонимна анкета на студентите**		
22.	Литература				
	22.1	Задолжителна литература			
		Ред. број	**Автор**	**Наслов**	**Издавач**	**Година**
		1.	Mruk, C. J., Moor, J. C.	Succeeding at Your Internship: A Handbook Written for and with Students.	Bowling Green State University	2020
	22.2	Дополнителна литература			
		Ред. број	Автор	Наслов	Издавач	Година
		1.	Интернет бази на податоци Разни домашни и странски автори Наведени извори од литературата во предметните програми во кои се опфатени вештини за практична работа	Методи и техники за прибирање на податоци, спроведување на анализи и толкување на резултати во агроекономиката	Интернет бази на податоци и др.	